РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Бр. 04-183/6

20.01 2023 год.

Врз основа на член 20 – д од Закон за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и 14/20) и член 23 став 4 од Законот за работните односи ("Службен весник на Република Македонија" бр.62/2005,106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/11, 11/12, 39/12, 13/2013, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.110/19, 267/20, 151/21 и 288/21), генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија донесе

**ОДЛУКА**

**за избор за вработување на кандидат за помошно – техничко лице по пат на јавен оглас**

1. За извршител на работното место – Курир, ниво А3, шифра УПР 04 05 А03 001, во Сектор за административни работи, во Одделение за канцелариско и архивско работење - Писарница, се избира следниот кандидат:

**- Анита Трпевска.** -

2. Именуваната ќе биде вработена на работно место од точка 1 на оваа одлука, по конечноста на одлуката.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Комисијата за селекција на кандидати за вработување по Јавен оглас број 1/2022, формирана со Решение на генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија број 02-79/1 од 09.01.2023 година, во функција на спроведување на постапката за вработување на помошно – техничко лице за извршување на работните задачи за работното место од точка 1 на оваа Одлука, а по Јавниот оглас број 1/2022, објавен на ден 23.12.2022 година (петок) во дневните весници „Слободен печат“, „Коха“ и „Вечер“ и на веб страната на Собранието на Република Северна Македонија, спроведе постапка за селкција за вработување за горенаведеното работно место.

По спроведената постапка за селекција за вработување, Комисијата до генералниот секретар на Собранието достави Финална листа на кандидати од сите фази на селекцијата и Предлог кандидати за вработување број 04-183/4 од 17.01.2023 година, врз основа на што генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија извши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од објавувањето на одлуката на беб страната и на огласната табла на Собранието на Република Северна Македонија.

**Доставено до:**

-Именуваната

-Одделени за персонално управување со човечки ресурси

- Одделение за канцелариско и архивско работење-Писарница

**Генерален секретар**
**Цветанка Иванова**

Изработил:
Одобрил:
Согласен: